УДК: 341.7:339.92(497.775:497.584)"1361/1395"

Игорче Дунимаглоски
igorche_dunimagloski@hotmail.com

# ПРИЛЕПСКОТО КРАЛСТВО ВО ВРЕМЕТО НА КРАЛ МАРКО И ДУБРОВНИЧКАТА РЕПУБЛИКА (ДИПЛОМАТСКО–ЕКОНОМСКИ ВРСКИ)

*Апстракт.* – Трудот претставува анализа на дипломатските и економските односи помеѓу крал Марко и Дубровничката Република. Нивните меѓусебни односи ќе бидат анализирани и претставени во хронолошка рамка од првите спомнувања на Марко (1361 г.) во историските извори до паѓањето на Македонија под османлиска власт и смртта на кралот Марко (1395 г.). Како потврда за нивните меѓусебни односи ќе бидат спомнати до сега необјавени археолошки материјали. Потоа, ќе биде претставена карта со детално претставено присуство на Дубровчаните на просторот на Прилепското Кралство за време на кралот Марко. Во текот на анализата ќе биде објаснета политичката ситуација по распадот на Српското Царство и меѓудржавните односи на балканските држави. Со овој научен труд се обидувам да дадам придонес во откривање на присуството на Дубровчаните на просторот на Македонија и односите со кралот Марко.

*Клучни зборови.* – Прилепско Кралство, крал Марко, Дубровник, дубровнички трговци, дипломатски и економски врски.

Еден од првите истражувачи што се занимавал со прашањето за присуството на Дубровчаните на Балканот и во Македонија бил Марен М. Фрејденберг.[1] Најнови истражувања во македонската историографија

[1] Фрејденберг, Марен М. „Далматинците во Балканската трговија од XIV до XVI век". Историја XX/II, Скопје (1984), (статијата инаку истовремено била објавена во изданието на Академијата на науки во СССР-Институт за славјановедение и балканистика „Балканские исследования" кн. IX посветена на „Прашањата за социјална, поли-

се направени од страна на А. Атанасовски.[2] Првите директни врски меѓу Македонија и Дубровник датираат од повелбата на бугарскиот цар Иван Асен II од 1230 година за слободна трговија на Дубровчаните. Во повелбата се спомнуваат: Скопската, Прилепската, Деволската и Солунската земја.[3] Потоа, со територијалното проширување на Српската држава во Македонија од 1282 година, па сè до османлиското освојување на Македонија, Дубровчаните се чини континуирано биле присутни во Македонија. Дубровничката Република добивала повелби од српските владетели со кои се гарантирал нивниот престој, безбедноста и биле регулирани правата на Дубровчаните на просторот на Српската држава. Тие формирале свои трговски колонии најчесто во рудничките центри и во градовите. По смртта на царот Стефан Урош IV Душан (1355 година) следувал процес на децентрализација на Српското Царство.[4] Во процесот на децентрализација и создавање т.н. „држави" или области управувани од т.н. „обласни господари"[5] на територијата на Српското Царство, започнало политичкото издигнување на Волкашин.[6] Поради тоа, истражува-

---

тичка и културна историја на југоисточна Европа," Москва, (1984), превод од руски јазик: Чедо Цветановски), 365-374.

[2] Атанасовски, А. „Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век". Музејски летопис. Зборник на трудови по повод 65 години Завод и Музеј – Струмица. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, (2017), 52.

[3] Иванов, Й. Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970, 578; Николов А., Гюзелев В., Костова Е., Данова П. и Хинковски С., Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.). Универизтетско издавателство „Св. Климент Охридски",София, 2017, 30.

[4] Јиречек, К. Историја Срба I, Београд, 1952, 234; Историја српског народа I, (Од најстаријх времена до Маричке битке (1371)), Београд 1981, 556.

[5] Терминот „господар" во средниот век имал повеќе значења. Под овој термин се подразбира владетелска институција, пред сè на феудален властелин кој владеел самостојно во областите со кои управувал. Лексикон српског средњег века (ЛССВ) уред. С. Ћирковић и Р. Михаљчић, Београд, 1999, 119-120. Додека пак, поимот „обласни господари" не постои во историските извори. Поимот бил воведен од современите истражувачи за да ги означат крупните феудалци во периодот по опаѓањето на централната власт. Тие вообичаено самостојно управувале не само во својата баштина, туку ја наметнувале сопствената власт и на соседните територии и на тие области им давале атрибути на „држава".

[6] Византискиот автор Л. Халкокондил (XV век) дава мошне рани податоци за браќата Волкашин и Углеша. Според него, едниот од браќата бил пехарник (гр. „οινοχοος"), а другиот коњушар (гр. „ιπποκομος") на дворот на цар Душан. Laonicus Chalcondyles, ed. Bekker, Bonn, 1843, 28; Според Орбин М. Краљевство Словена, Зрењанин, 2006, 49-50, татко на Волкашин и Углеша бил некој сиромашен властелин по име Мрњава (лат. Margnava) од Ливно, кој подоцна живеел кај Благоја на р. Неретва. Во одре-

њето врски помеѓу Марко, синот на Волкашин и Дубровник неминовно е спомнувањето на врските помеѓу крал Волкашин и Дубровник. Всушност, токму во тој период започнуваат нивните меѓусебни врски, а подоцна продолжуваат при самостојното владеење на крал Марко. При анализата на односите помеѓу крал Марко и Дубровничката Република, потенцирам дека станува збор за сосема различни субјекти со различно државно уредување и различни политички и економски интереси. Имено, државата на Марко била типична средновековна феудална држава. Својата политичка моќ ја создавала врз територијалниот опсег на државните граници и развојот на внатрешната економија, која создавала вонополитичка моќ. Додека пак, Дубровник исто така, главно егзистирал како типичен средновековен град-држава, со полунезависен статус на Јадранското крајбрежје. Во голем дел, својата политичка моќ Дубровник ја создавал врз основа на трговските врски со соседите и државите на Средоземното Море. Развојот на трговијата за Дубровник била од суштинско значење за градот. Всушност, првите директни односи на Марко и градот Дубровник датираат од преговорите во јуни 1361 г. меѓу Српското Царство и Дубровчаните. Тогаш, Големиот совет во Дубровник донел одлука на 29 јуни 1361 г. со која ги овластил кнезот и Малиот совет на градот да му одговорат на српското пратеништво со тоа што требало да се испратат писма до царицата Елена, до Волкашин и до други лица за кои би се предвидело дека би придонеле за успех во преговорите. Во периодот додека престојувал во Дубровник како пратеник на Урош, Марко го подигнал влогот што го имал во вредност од 15 литри сребро. Врз основа на влогот што Марко го имал во Дубровник може да се претпостави дека тоа биле средства од приходот што го имал од областите со кои управувал. Според А. Атанасовски влогот што го подигнал Марко можел да биде оставен и од татко му на име на Марко.[7]

---

ден период царот Душан ги повикал на својот двор; Според хрониката на манастирот Св. Зограф на Св. Гора, Волкашин бил по потекло од селото Опанак кај Омиш. (Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти, Београд, 1965, 7-8; Јиречек К., Историја Срба I, 240-243; Ферјанчић Б., Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960 171-173; Тошић Ђ., Требињска област у средњем вијеку, Београд 1998, 85; Михаљчић Р., Крај српског царства, Београд 1975, 101-122).

[7] Јиречек К. Зборник Константина Јиречека I, уред. Академик М. Динић, Београд 1959, САН, посебна издања књ. CCCXXVI, одељење друштвених наука, књ. 33. Београд, 1959, 359-360 бел.: 49. (одговорот на дубровчаните на: 2, 8 и 22 август); Михаљчић, Р. Крај српског царства, 103; Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доселување на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994, 240; Атанасовски А. Македонија во XIV век, Тетово, 2009, 194.

Политичкото издигнување на Волкашин продолжило кога во периодот од јануари 1364 г., до јануари 1366 г. се прогласил за крал.[8] Бидејќи дубровничките власти биле свесни за реалната моќ на кралот Волкашин започнале преговори за добивање на повелба токму од него за потврдување на правата на дубровничките трговци.[9] Според С. Ќирковиќ преговорите помеѓу Волкашин и Дубровчаните биле долги и тешки, поаѓајќи од долгиот период на траење на преговорите (дубровничкото писмо од 20 декември 1369 г.) до издавањето на Волкашиновата повелба (5 април 1370 г.).[10] На 5 април 1370 година кралот Волкашин им издал повелба на Дубровчаните со која им ги потврдил претходно добиените права и ги уредиле меѓусебните односи. Според содржината на повелбата Дубровчаните му ја претставиле на Волкашин повелбата на царот Душан од 1349 г. Потоа, било наведено дека Волкашин им ги потврдил правата што ги имале во минатото. Од содржината на повелбата може да се потврди дека името на српскиот цар Урош воопшто не било споменато. Во продолжение во повелбата биле споменати синовите на Волкашин, Марко и Андреаш, потоа сопругата Елена, Братислав, логотет на дворот на Волкашин, членовите на дубровничкото пратеништво од 1349 г., Марин Буниќ, Симон Бенешиќ, Живе Цревиќ и Венецијанецот Никола Ѓорѓе.

Врските меѓу Марко и Дубровник продолжиле во текот на јуни 1371 г. кога бил создаден сојузот на Волкашин, Марко и Балшиќи против жупанот Никола Алтомановиќ. За сојузот и подготовките за војна против Алтомановиќ сведочат токму Дубровчаните кои биле подготвени да се приклучат кон сојузот на кралот Волкашин, таткото на Марко. Иако се подготвувало, веројатно не дошло до воен судир помеѓу сојузниците на Волкашин и Никола Алтомановиќ.[11] Воениот судир не се случил поради опасноста од приближување на Турците-османлии на источната гра-

[8] Новаковић С. Законски споменици српских држава средњега века. Књ. V. Београд 1912, 508-509; Соловјев А., Одбрани споменици српског права права од XII до краја XV века, Београд 1926, 167-169; Ћирковић С. Повеља краља Вукашина властелину Новаку Мрасоровићу, ССА I, Београд 2002, 99-102.

[9] За специјалниот однос на друбровчаните на просторот на српската држава види: И. Дунимаглоски, Српско-дубровничките односи во XIV век со посебен осврт на Македонија, Скопје 2020 (Магистерски труд).

[10] Ћирковић С. Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 165.

[11] Monumenta Ragusina. Libri Reformationum IV, Zagreb 1879-1897, 127-128; Тадић Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, Београд, 1935, 231-232, № 221; Јиречек К. Зборник I, Српски цар Урош, 375; Аџиевски К. Пелагонија, 243.

ница на Углеша. На просторот на Серската држава браќата и нивните сојузници ја подготвиле заедничката војска. Потоа се упатиле да ги пресретнат Турците-османлии и поставиле воен логор покрај р. Марица. Одлучувачката битка се случила на 26 септември 1371 г. кај Черномен (грч. Ζερνομιανον). Во оваа битка сојузничката војска на браќата била целосно поразена од Турците-османлии, а на самото бојно поле загинале кралот Волкашин и деспотот Јован Углеша.[12]

Непосредно пред поразот на Волкашин и Углеша кај Марица, Марко веќе бил прогласен за „млад крал“ и наследник на кралската круна на Волкашин. Според натписот од црквата Св. Недела во Призрен, која била живописана во 1371 година пред Маричката битка, Марко бил наведен со титула „млад крал.“[13] Имено, на 10 јуни 1371 година Марко се споменува во дубровничките документи со титула „млад крал“. По Маричка-

[12] Јиречек К. Зборник I, Српски цар Урош, 377; Истиот, Историја Срба I, 249, бел.: 83 и 84; Томац П. Битка на Марици, Војноисторијски гласник I, Београд 1956, 61-74; Шкриванић Г. Битка на Марици 26. септембра 1371. године, Војноисторијски гласник III, Београд 1963, 71-93; Острогорски Г. Серска област, 127-146; Михаљчић Р. Крај српског царства, 198; Стојановски А. Маричката битка и нејзините последици, Македонија во турско средновековие (од крајот на XIV-почетокот на XVII век), Скопје 1989, 9-20; Ћирковић С. Косовска битка у међународном контексту, Глас CCCLXXVIII, САНУ, Одељење историјских наука књ. IX, Београд 2008, 49-69; Максимовић Љ. Византија и Турци од Маричке до Косовске битке (1371-1389), Глас САНУ CCCLXXVIII, Одељење историјских наука, књ. IX, Београд 1996, 33; Атанасовски А. Недовербата меѓу „Балканците” во XIV век, последици и поуки, ГЗФЗФ LVIII, Скопје 2004, 196-197; Filiposki A. Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, The Ottoman Conquest of the Balkans, Interpretations and Research Debates, edited by Oliver Jans Schmitt, Österreichische Akademie der Wissenschaften, Wien, 2016, 65-78.

[13] Ивановић М. Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф II, Београд, 1967, 20-21; Томовић Г. Морфологија ћириличких натписа на Балкану, бр. 63, Београд, 1974, 77; Матанов Х. Югозападните български земи български земи през XIV век, София 1986, 106; Matanov H.-Zaimova R. West and Post-Byzantine Source Evidence, Sofia, 1985 46; Михаљчић Р. Крај српског царства, 92-93; Лексикон српског средњег века (ЛССВ) уред. С. Ћирковић и Р. Михаљчић, Београд, 1999, 119-120.

За најновите истражувања за значењето на круната на Марко, види: Петровски Б. Круната на крал Марко, Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево 2017, 323. Авторот смета дека, од средината на седумдесетите години на XIV век и покрај формално-правниот легитимитет на кралот Марко, во реалноста, неговата кралска круна престанала да претставува круна на српската држава, туку, започнала да го претставува вистинскиот домет на неговата власт.

та битка единствен легитимен наследник на Волкашин и Углеша бил Марко.[14] По извесното прогласување за крал, што несомнено се случило по битката на Марица на 26 септември 1371 г., до смртта на царот Урош на 2/4 декември 1371 г., Марко формално-правно бил совладетел на царот и законски наследник на српскиот владетелски престол.[15] Покрај интитулацијата формално-правно Марко ги презел и сите вазални односи на Волкашин и Углеша.[16] По смртта на последниот српски цар кој немал потомство, кралот Марко станал законски наследник на српскиот престол. Меѓутоа, моќните великодостојници и властелини од просторот на некогашното Српско Царство, немале намера да го признаат. Напротив тие започнале да освојуваат значителен дел од териториите со кои дотогаш управувале браќата Волкашин и Углеша.[17] Имено во ноември 1371 г. солунскиот деспот Маноил Палеолог го освоил Сер и околните области кон Халкидики.[18] Во почетокот на 1373 г. Никола Алтомановиќ освоил пространи погранични територии сè до Метохија.[19] Во 1372 г. Ѓураѓ Бал-

[14] Monumenta Ragusina IV, 127-128; Тадић Ј. Писма и упутства, 231-232, № 221.

[15] Ђурић В. Три догађаја у српској држави XIV века и њихов одјек у сликарству, Зборник за ликовне уметности V, Нови Сад, 1969, 95; Михаљчић Р. Крај српског царства, 168; Историја српског народа II, (Доба борби за очување и обнову државе (1371-1537)), Београд, 1981, 23; Матанов Х. Югозападните български земи, 107; Аџиевски К. Пелагонија, 244-245; Петровски Б. Полог во Средниот век (VI-XIV век), (докторска дисертација), февруари 2006 година, Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, Филозофски факултет, Инситут за историја, Скопје 2006. Полог во Средниот век (VI-XIV век), 400.

[16] Според повелбата што ја издал Углеша за светогорскиот манастир Лавра во месец април 1371 г., за свои наследници ги сметал братот Волкашин и внукот Марко. Ласкарис М. Deux „chysobulles" serbes pour Lavra, Хилендарски зборник I, Београд 1966, 12-20; Аџиевски К. Пелагонија, 243-244, бел.: 117; Атанасовски А. Мадедонија во XIV век, Тетово, 2009, 195.

[17] Matanov H.-Zaimova R. West and Post-Byzantine Source Evidence, 46; Аџиевски К. Пелагонија, 247-248; Михаљчић Р. Титуле Краљевића Марка, Кралот Марко во историјата и традицијата, (ред. В. Десподова). Прилози од научниот собир одрежан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, 23-25 јуни 1995, Прилеп, 1997, 40.

[18] Острогорски Г. Серска област, 144; Михаљчић Р. Крај српског царства, 160; Аџиевски К. Пелагонија, 250-251; Ферјанчић Б., Византијски и српски Сер у XIV столећу, СКА пос. издања. књ.DCXXIX, Одељење историјских наука књ.XXI, Београд 1994, 113-114; Градот Бер, најдоцна до јуни 1375 г. бил преземен од дотогашниот тамошен независен управител Радослав Хлапен. Матанов Х. Югозападните български земи, 103.

[19] Динић М. О Николи Алтомановићу, Посебна издања СКА ХС, Друштвени и историски списи књ. XL, Београд, 1932, 23; Орбин М. Краљевство Словена, (С. Ћирковић), 54; Динић Д.- Кнежевић, Српске земље од Маричке до Косовске битке, Зборник: Српски народ у другој половини XIV и првој половини XV века, Београд 1989, 22.

шиќ го освоил градот Призрен,[20] а најдоцна до 1375 г. Балшиќите ги освоиле и градовите Пеќ и Драма.[21] Лазар Хребељановиќ ја искористил ситуацијата за значително територијално да се прошири. Познато е дека ги освоил Приштина, Ново Брдо, Оногошт и стигнал до р. Сава.[22] Најдоцна до 1376/77 г. Вук Бранковиќ го освоил градот Скопје.[23] Поголем дел од териториите источно од р. Вардар ги освоиле браќата Дејанови кои успеале да ја прошират својата власт и во струмичката област.[24]

Во македонската медиевистика територијата со која управувал или владеел кралот Марко била наречена Прилепско Кралство.[25] Според

---

[20] Јиречек К. Зборник I, Српски цар Урош, 327 бел.: 111; Михаљчић Р. Крај српског царства, 169; Јиречек К. Историја Срба I, 254 бел: 102; Аџиевски К. Пелагонија, 251.

[21] Благојевић М. О издаји или невери Вука Бранковића, Зборник Матице Српске за историју 79-80, Београд, 2009, 11-12, 24-25; Драгојевић П. Баштински посједи српских облсних господара, Дани српског духовног преображења XXII, Научни скуп скуп Деспотовац-Манасија, 22-24 август 2014, Средњи век у српској науци, историји, књижевности и уметности VI, Деспотовац 2015, 143-158. По смртта на Волкашин, Ѓураѓ Балшиќ ја протерал својата жена Оливера, сестрата Волкашин, Михаљчић Р. Крај српског царства, 134.

[22] Новаковић С. Законски споменици, 451; Орбини М. Краљевство словена, 54; Динић М. О Николи Алтомановићу, 23; Јиречек К. Историја Срба I, 320, бел.: 111; Аџиевски К. Пелагонија, 251; Николић М. Псеудо-Сфранциз о српским земљама, ЗРВИ XLIII, Београд, 2006, 133 бел.: 41; Благојевић М. Територија кнеза Лазара на Косову и Метохији, Београд, 2007, 11-13; Мишић С. Моравска Србија, Еволута Београд, 2017, 40.

[23] Вук го подарил скопскиот манастир Св. Георги Горг на Хилендар: Новаковић С. Законски споменици, 451-452; Мошин В., -Илиевска С., Грамота на Вук Бранковиќ, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија том I, Скопје, 1975, 239-241; Бојани С. Повеља Вука Бранковића о даровању скопског манастира Светог Георгија манастиру Хиландару, ССА VIII, Београд, 2009, 120-122; Т. Томоски, Скопската област од XI до XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том I, Скопје, 1996, 123; Михаљчић Р. Крај српског царства, 169; Аџиевски К. Пелагонија, 258; Шуица М. Вук Бранковић-славни и велможни господин, Еволута, Београд, 2014, 69-71.

[24] Аџиевски К. Пелагонија, 251, бел.: 140.

[25] Стојановски А. Градовите на Македонија од крајот XIV на до XVII век, Скопје, 1981, 6; Matov H. Problems of the State Structures I the South-West Balkan Lands during the Second Half of the 14th Century, Études balkanikues, XX, Sofia, 1984, 122; Истиот, Югозападните бялгарски земи, 84-85; Матанов Х.-Михнева Р. От Галиполи до Лепанто. Балканите, Европа и османското нашествие (1354-1371), София, 1988, 48; Панов Б. Одразот на Косовската битка во Македонија, Историја XVIII/1-2, Скопје, 1992, 43; Аџиевски К. Пелагонија, 260 бел.: 160; Овчаров Н. Надписите от XIV в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко, Старобългаристика, XIX, № 3, БАН, София, 1995, 41; Историја на Македонскиот народ,

М. Орбин, Марко под своја власт ги имал градовите: Костур, Охрид и Арг во Мореја, по смртта на неговиот татко. Веројатно во 1372 г. управникот во областа Полог, Гргур, можеби брат на Вук Бранковиќ, ја отфрлил врховната власт на Марко и ја отцепил својата област.[26] Временски приближно со отцепувањето на Полог од кралството на Марко, браќата Јован Драгаш и Константин се осамостоиле во териториите источно од р. Вардар и исто така ја отфрлиле власта на Марко.[27] Според надгробниот натпис во охридската црква Св. Богородица Перивлепта, посветен на Остоја Рајаковиќ (1379 г.), Марко и Андреа Гропа биле во роднински врски.[28] До средината на осмата деценија на XIV век, веројатно Андреа Гропа се осамостоил во Охрид и ја отфрлил врховната власт на крал Марко.[29] Во периодот на осамостојувањето на Андреа Гропа, Марко бил во судир со албанскиот благородник Андреа Музаки, кој кон крајот на седумдесетите или почетокот на осумдесетите години на XIV век успеал да го освои градот Костур и да му го одземе на кралот Марко.[30]

---

том I, Македонија од праисториското време до потпаѓањето под турска власт (1371 г.), Скопје, 2000, 542-550.

[26] Ивановъ Й. Български старини из Македония, 90; Стојановић Љ. Стари српски записи и натписи IV, (Фототипска издања), књ. X, бр. 6054, Београд, 1982, 14; За управувањето на Гргур во Полог види: Петровски Б. Полог, 400-404; Истиот, Воислава Трибалда, Ѓерѓ Кастиоти Скендербенг (1405-1468), (Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), Скопје, 2006, 69-75.

[27] Браќата ја формирале својата самостојна баштина на просторот на областите со кои управувал нивниот татко деспотот Дејан во Жеглигово и Прешево, подетално види: Михаљчић Р. Крај српског царства, 68-70; Матанов Х. Княжеството на Драгаши. Към историята на североизточна Македония в предосманската епоха, София, 1997, 58.

[28] Орбин М. Краљевство словена, 68; Иванов Й. Български старини, 42; Наумов Е.П. Сведоштва од историските извори за крали Марко, ГЗФЗФ XIX/1, Скопје, 1983, 141; Матанов Х. Югозападните български земи, 111; Грозданов Ц. Охрид и Охридската архиепископија Охрид, 1980, 179; Стојановски А. Градовите на Македонија, 7; Аџиевски К. Пелагонија, 253-254; Атанасовски А. Македонија во XIV век, 221; Филипоски Т., Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево, 2017, 299.

[29] Аџиевски К. Пелагонија, 252; Filiposki T., Der Ohrider Župan Andrea Gropa, Südost-Forschungen, 69/70 (2010/2011), R. Oldenbourg/München, 2012, 9-12; Истиот, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 299-300.

[30] Ќерката на Андреј Музаки била жена на Андреј Гропа кој му помогнал во освојувањето на градот. За отфрлањето на власта на кралот Марко од градот Костур и односите со Андреј Гропа и Музаките подетално види: Суботић Г. Манастир Богородице




Слика бр. 1: *Присуство на дубровчани во Македонија и на просторот на српската држава во XIV век*

Центар на Прилепското Кралство разбирливо бил градот Прилеп. Сведен на многу стеснета територија, со намалени приходи и пад на економската и воена моќ, кралот Марко не бил во состојба да ги врати под своја власт загубените територии. Се смета дека во рамки на Кралството на Марко влегувале следниве територии: на исток помеѓу Древновската клисура и областа Раец, на север ги вклучувала јужните делови на Скопската област, на запад ги опфаќал Порече, Кичевската област до Дебар, денешниот град Демир Хисар и на југ до Преспа.[31] Меѓутоа кралот

Месонисиотисе, ЗРВИ XXVI, Београд, 1983, 160-162; Матанов Х. Югозападните български земи, 112; Аџиевски К. Пелагонија, 255-256; Атанасовски А. Македонија во XIV век, 221-222 бел.: 1221; Filiposki T. Der Ohrider Župan Andrea Gropa, 10; Истиот, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 299-300; Петровски Б. Круната на крал Марко, 319.

[31] Јиречек К. Историја Срба I, 301; Михаљчић Р. Крај Српског Царства, 173; Аџиевски К. Пелагонија, 258-260; Фостиков А. О Димитру краљевићу, ИЧ XLIX 50-51.

Марко не владеел самостојно на овие простори, туку власта ја делел со членови на неговото семејство: мајката Елена и браќата Андреаш, Иваниш и Дмитар.[32] Марко бил во брак со Елена, ќерката на Радослав Хлапен, наместник во градот Бер. Пред Маричката битка го прекинал бракот со Елена и стапил во брак со Теодора, ќерка на Гргур. Но, по краток период и тој брак го прекинал и по 1371 г. повторно ја зел поранешната сопруга Елена, за да ги подобри односите со Радослав Хлапен. Сепак добрите односи не траеле долго време бидејќи Елена го напуштила Марко и во 1374/75 се омажила за албанскиот благородник Јован Спат.[33]

Веројатно Дубровчаните слободно се движеле, престојувале и извршувале трговски работи на просторот на Прилепското Кралство. Двете страни ја имале предвид скоро издадената повелба од Волкашин во која како еден вид обврска за наследниците негови јасно се потенцира дека повелбата треба да ја почитуваат сите негови наследници и соработката треба да продолжи.

Во кореспонденцијата што ја имале дубровничките власти со Дубровчаните што престојувале на овие простори, имаме бројни податоци каде што се споменуваат термините: Славонија, Склавинија, Славјани и Романија. Тоа директно не имплицира престој на Дубровчани во Кралството на Марко бидејќи станува збор за поголем регион и територија. Меѓутоа, го претставува присуството и движењето на дубровничките трговци на панаѓурите, во трговските центри, во трговијата со жито и други производи на овие простори.[34]

Имаме еден директен податок којшто го потврдува континуитетот на односите на кралот Марко со Дубровник. Неколку години пред Марко да ја загуби власта во градот Скопје, сочуван е податок што известува за присуството на дубровнички трговци во Скопје. Имено во месец

---

[32] Марко не претендирал на српската круна, тој, себе си се сметал за крал само на териториите со кои што управувал. Аџиевски К. Пелагонија, 263; Михаљчиќ Р. Крај српског царства, 41-42; Грозданов Ц. Охридското ѕидно сликарство од XIV век, Охрид, 1980, 20; Фостиков А. О Дмитру краљевићу, ИЧ XLIX, Београд, 2002, 50-51; Бошкоски М. Скопје и скопската област. Скопје, 2009, 260; Петровски Б. Круната на крал Марко, 319-320.

[33] Стојановић Љ. Стари српски записи и натписи, 58-59. бр. 189; Јиречек К. Историја Срба I, 249; Истиот, Историја Срба II, 259; Мирковић Л. Мрњавчевићи. Београд, 1925, 28; Михаљчиќ Р. Крај српског царства, 170; Аџиевски К. Пелагонија, 256-257, бел.: 153.

[34] Николов А. Гюзелев В. Костова Е. Данова П. и Хинковски С., Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 162-„Склавинија“, 164-„Славонија“, 166-„Славјани“, 209-„Романија“, 211-„Романија“, 215-„Романија“.

мај 1373 година извесен Јуниј Буниќ престојувал во Скопје во врска со некои трговски активности.[35]

Поради нестабилната политичка состојба на просторот на некогашното Српско Царство, кон крајот на седумдесетите години на XIV век, дубровничките трговци започнале да одбегнуваат копнена трговија и сѐ повеќе да користат поморски трговски патишта. Во едно писмо испратено на дубровничките власти до дубровничките трговци на овие простори, им се дава наредба да ја разгледаат можноста за поморска трговија за пренесување одредена количина жито преку деспотството на Драгаши, Солун и Црното Море.[36] Присуството на Дубровчаните на овие простори било намалено делумно и поради учеството на градот во воено-поморската коалиција на страна на Унгарија, Ценова и Франческо Карера, господарот на Падова против Венеција за Тендос (1378-1381).[37]

Додека пак, кралот Марко во периодот на своето самостојно владеење имал внатрешни проблеми особено кога пролетта 1385 г. османлискиот војсководец Тимурташ Паша презел поход кон териториите на Македонија и Албанија, при што директно биле загрозени неговите владенија. При навлегување на Османлиите во Пелагонија биле освоени градовите Прилеп и Битола.[38] Веројатно по османлискиот поход во Македонија, Марко ја признал врховната власт на султанот Мурат I (1359-1389) и на тој начин била ликвидирана самостојноста на Прилепското Кралство.[39] Според М. Орбин во битката загинал и Иваниш, братот на крал Марко,[40] но ваквиот податок не е потврден од други извори. Во овој период кога Марко станал османлиски вазал, Андреаш во изворите се јавува како „краљевиќ" (млад крал).[41] Балканските држави станале лесен

---

[35] Тадић Ј., 272; Манкен И. Дубровачки патрицијат у XIV веку. Београд, 1960, 149.

[36] Николов А. Гюзелев В. Костова Е. Данова П. и Хинковски С. Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 160.

[37] Фејић Н. Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, Историјски институт у Београду,СКА, Београд 2008, 136-139; Крекић Б. Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), ЗРВИ V, Београд, 1958, 21-23.

[38] Стојановски А. Градовите, 13; Аџиевски К. Пелагонија, 271-278; Атанасовски А. Македонија во XIV, 236-240.

[39] Petrovski B. Ottoman Militaru Campaign in 1385: itinerary and goals, Тематски зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 20-22 септембра 2013 године у Крушевцу, Власт и моћ-властела Моравске Србије од 1365 до 1402 године, Великом Шиљеговцу и Вараварину, Крушевцу 2014, 287-303.

[40] Орбин М. Краљевство Словена, 71, (С. Ћирковић, коментар: 321).

[41] Никуљска Н.Н. Прилог за Манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на езерото Матка, у: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I,

плен при завојувачките налети на Турците-османлии. Поради политичка разединетост и економска немоќ се создале поволни услови за османлиски освојувања на Балканскиот Полуостров. За полесна контрола над балканските области до нивно целосно освојување и воспоставување реална власт, османлиите на почетокот наметнале врховна власт над регионалните владетели преку воспоставување на вазални односи.

По самопрогласувањето на кнезот Лазар и кралот Твртко за своевидни наследници на династија на Немањиќите, традиција и особено по станувањето османлиски вазал на кралот Марко познати се неколку документи со кои дубровничките власти добиле потврдување на трговските права и привилегии од некои обласни господари на територијата на поранешното Царство.[42] Првата позната повелба им била издадена во јануари 1386 г. од Ѓураѓ Балшиќ,[43] потоа, повелбата од јануари 1387 г. издадена од кнезот Лазар[44] и повелбата на Вук Бранковиќ.[45]

---

Скопје, 1975, 393-394. Во минатото, имало размена на територии помеѓу Марко и Андреаш, види: Михаљчић Р. Замена поседа у Средњовековној Србији, Споменица академика Симе Ћирковића, Београд, 2011, 64-68; Бошкоски М. Скопје и скопската област, 267, смета дека територијално разграничување се случило заради разидувањето на Андреаш со Марко по марковото прифаќање на врховната власт на османлиите. Петровски Б. Круната на крал Марко, 316-317, бел.: 45, смета дека, можеби ваквиот тек на настаните оделе во правец на преминување на кралската круна кај Андреаш и неговите наследници, бидејќи, Марко ги нема. Како дополнителен аргумент, авторот го посочува фактот што во даровната повелба на Волкашин до дубровчаните од 1370 г. каде Андреаш бил наведен како втор син, по Марко. Но, натамошниот тек на настаните открива дека тоа не се случило туку сосема спротивно, кога ја напуштиле територијата на Македонија.

42 Monumenta serbica spectantia historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii, (ed. F. Miklosich), Viennae, 1858.186-190. Трговските привилегии, Твртко на дубровчаните им ги потврдил уште на 10 април 1378 г. За друго мислење спореди: Ћирковић С. Србија уочи косовске битке, Косовско метохијски зборник I, Београд, 1990, 13-17; Шуица М. Однос кнеза Лазара и Вук Бранковића у светлу дубровачких исправа из 1387 године, ССА IX, Београд, 2010, 221-222.

43 Новаковић С. Законски споменици, 198-200; Šekularac B. Crna Gora u doba Balšića, Cetinje, 2011, 259-260.

44 Новаковић С. Законски споменици, 200-203; Младеновић А. Повеље кнеза Лазара, Београд 2003, 191-201.

45 Србскіи споменицы или старе русовульр дипломе, повель и сношенія босански, сербски, херцеговачки, далматински и дубровачки кралява, царева, банова, деспота, кнезова, войвода и властелина (прип. П. Карано Тврктовић), Београд 1840.73; Monumenta serbica, 207-209; Новаковић С. Законски споменици, 203-205; Шуица М.-Суботин-Голубовић Т. Повеља Вука Бранковића Дубровнику ССА IX, Београд, 2010, 100-102.

Малобројните податоци за присуството на Дубровчаните во владенијата на Марко биле уште повеќе намалени поради присуството на Османлиите на Балканот. Во тој контекст во 1392 г. дубровничките трговци имале забрана да се движат на овие простори во месец јуни, потоа забраната биле обновена и траела до октомври истата година.

Летото 1394 г. Марковите браќа Андреаш и Дмитар ја напуштиле територијата на Прилепското Кралство и заминале во градот Дубровник. Од дубровничките власти побарале да им го достават влогот на нивниот татко Волкашин. По добивањето на покладот се упатиле кон дворот на унгарскиот крал Сигизмунд „каде нашле леб.“[46] Волкашин својот влог во вредност од околу 96.73 кг сребро своевремено го оставил кај Дубровчанецот Павле Барабиќ (лат. Paulus de Baraba), а не во градот Дубровник.[47] Меѓутоа во меѓувреме настанале одредени промени во сопственоста на влогот на Волкашин. Не е познато кога Волкашин го оставил влогот кај Павле Барабиќ, подоцна Витаниќи.[48] Според С. Ќирковиќ Волкашин го оставил својот влог во Дубровник по подигнувањето на влогот во 1361 г. од страна на Марко, а неколку години пред неговата смрт кај р. Марица. Летото 1374 г. Дабижив, логотет кај вдовицата на Волкашин, пристигнал во Дубровник за да го подигне влогот. Меѓутоа, сопственик на влогот била дубровничката општина, а не наследниците на Павле Барабиќ. Поради тоа, Дабижив добил само 30 дукати.[49] Во текот на престојот во Дубровник на браќата Андреаш и Дмитар на 10 август 1394 г. дубровничките власти им направиле пресметка на вредноста на среброто во периодот кога влогот бил оставен и вредноста излегла околу 5 605 перпери. Меѓутоа, вредноста на влогот била намалена на 2 212 перпери поради проценката на 1 кг сребро во моментот кога влогот бил оставен. Од наведената сума дел бил задржан за долговите на Павле Барабиќ (561 перпери и 6 гроша), 374 препреи и 6 гроша подигнале браќата, додека 187 перпери и 3 гроша биле оставени за „pro Marcho rege filio tercio dicti domi regis”. Останатиот дел од вкупната сума го задржале дубровничките власти.[50]

---

[46] Јиречек К. Зборник I, Српски цар Урош, 283; Tadić J. Proment putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik, 1939, 51; Јиречек К. Историја Срба I, 302, 315; Михаљчић Р. Крај српског царства, 173; Аџиевски К. Пелагонија, 281.

[47] Ћирковић С. Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 1979, 154.

[48] Манкен И. Дубровачки патрцијат у XIV веку, генеалошка таблица бр. 2.

[49] Исто, 155, бел.: 9.

[50] Ћирковић С. Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 154, 155 белешка: 9, 154-157; Фостиков А. О Дмитру Краљевићу, 47-65

Пролетта 1395 г. султанот Бајазит I (1389-1402) презел поход против унгарскиот крал Сигизмунд и неговиот сојузник, влашкиот војвода Мирче. Во битката кај Ровине која се одиграла на 17 мај 1395 г. османлиската војска претрпела тежок пораз, а на бојното поле загинале османлиските вазали, кралот Марко и Константин Драгаш.[51] Во август 1399 г. по смртта на кралот Марко, Дмитар, неговиот најмлад брат, повторно отпатувал во Дубровник за да го подигне преостанатиот дел од влогот на Волкашин што му припаѓал на Марко.[52]



*Монета на венецијанскиот дужд Бартоломео Градиноко (1239 - 1342), аверс и реверс*

При анализа на археолошките локалитети на територијата на Македонија што биле во рамки на Прилепското Кралство постојат голем број венецијански монети од 14 век. Имајќи го предвид фактот дека Дубровчаните користеле венецијански монети, тоа се индиции за присуство на дубровнички трговци во тие области. Во продолжение ќе бидат наведени до сега необјавената збирка на венецијански моенти во НУ Завод за заштита на споменици на културата и Музеј-Прилеп. Најголем број монети се пронајдени во Прилеп (денешното градско подрачје) во местото со назив Старо Корзо Прилеп три депоа. Првото депо брои 42 сребрени монети, второто депо брои 39 сребрени монети и третото депо 42 сребрени монети. Сите датираат од XIV век. Потоа, поединечни наоди од необјавената збирка се следните: 6 сребрени монети (стекнати со откуп од прилепско), 3 сребрени монети од с. Врбјани, 2 сребрени монети од с. Мало Коњари, 8 сребрени монети од Старо Корзо Прилеп.[53]

---

[51] Стојановски А. Градовите, 18; Новаковић С. Срби и Турци у XIV и XV века, Београд, 1933, 275; Јиречек К. Историја Срба I, 331; Аџиевски К. Пелагонија, 280; Атанасовски А. Македонија во XIV век, 241-243.

[52] Јиречек К. Зборник I, Српски цар Урош, 383 бел.: 132; Ћирковић С. Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 157-158.

[53] За можноста да направам анализа на нумизматички материјал упатувам благодарност до кустосот археолог Душко Темелкоски од Завод и Музеј Прилеп.

Во овој контекст ќе бидат споменати и сите археолошки локалитети каде што се пронајдени венецијански монети на територијата на Прилепското Кралство. Тоа се: Скопје (Скопско Кале, венецијански монети од втората половина на XIV век.[54]). Во Железнец најдени се венецијански монети од XIV век.[55] На 9 км јужно од Гостивар лежи селото Србиново, на археолошкиот локалитет биле пронајдени венецијански монети.[56] Кај Чемрен и Живојно во Битолскиот крај биле пронајдени исто така венецијански монети.[57] Драчево кај Скопје: 2 венецијански монети од XIV век, откупени за Музејот на Македонија во Скопје.[58] Доброште кај Тетово бил пронајден сад со 782 венецијански, 6 бугарски, 4 хрватски и 265 српски монети (денес се чуваат во Музејот во Белград).[59] Потоа, Градец кај Гостивар, 4.300 венецијански и 225 српски пари, (денес се чуваат во Музејот во Белград).[60] Гостивар, големо депо со венецијански и српски пари, растурено низ приватните колекции.[61] Охрид: I депо во црквата Св. Пантелејмон, грне со 1298 венецијански и 6 српски пари, заклучно со А. Гропа.[62] Охрид III депо, најдено во Варошот: грне со 102 српски и 8 венецијански пари заклучно со Марко и Гропа (денес се чуваат во Музејот во Охрид).[63] Кривогаштани кај Прилеп, најдени во еден гроб: 340 пари на Душан (крунидбени) и неколку венецијански (денес се чуваат во Музејот во Скопје).[64] Белица, Македонски Брод, рударска тврдина, најдени венецијански монети XIV век.[65] Кичево најдени венецијански монети од XIV век (денес се чуваат во Народниот музеј во Белград).[66]

По направената анализа на изворните податоци и литература може да се констатира дека дубровничките трговци непречено ги користеле трговските патишта, престојувале и ги извршувале своите трговски

[54] Манева Е, Осврт на археолошките остатоци од средновековниот град Скопје, ПАТРИМОНИУМ.МК, година 13, број 18 / 2020, 345.

[55] Микулчиќ И. Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје, 1996, 200.

[56] Исто, 62.

[57] Исто, 63.

[58] Алексова В. Наоди на средновековни пари 1921-1954. Весник на Музејско конзерваторското друштво на НР Македонија, год. 3, бр. 1 (јануари 1955), 17-22.

[59] Микулчиќ И. Средновековни градови и тврдини во Македонија, 97.

[60] Исто, 97.

[61] Исто, 97.

[62] Исто.

[63] Исто.

[64] Исто.

[65] Исто, 150-153.

[66] Исто, 208-209.

потреби на просторот на Прилепското Кралство за време на кралот Марко. Тие биле присутни на панаѓурите, во манастирите, трговските и рударските центри. Дубровчаните имале живи трговски и дипломатски врски со крал Марко и со Македонија. Нивните меѓусебни односи се одвивале во континуитет со мали прекни поради внатрешно-политичките односи на локалните господари, како и врз основа на меѓународните воено-политички односи на Турците-османлии, Унгарија и Византија. Треба да се напомене дека нивните односи продолжиле и по паѓањето на Македонија и државата на крал Марко под османлиска власт. Во услови кога Марко ја изгубил својата самостојност во Прилепското Кралство постепено нивните меѓусебни односи биле намалени.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ИЗВОРИ

Николов А., Гюзелев В., Костова Е., Данова П. и Хинковски С., Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.). Университетско издавателство „Св. Климент Охридски",София, 2017.

Новаковић С. Законски споменици српских држава средњега века. Књ. V. Београд, 1912.

Соловјев А., Одбрани споменици српског права права од XII до краја XV века, Београд 1926.

Србскіи споменицы или старе русовульр дипломе, повель и сношенія босански, сербски, херцеговачки, далматински и дубровачки кралява, царева, банова, деспота, кнезова, войвода и властелина (прип. П. Карано Твртковић), Београд 1840.

Стојановић Љ. Стари српски записи и натписи IV, (Фототипска издања), књ. X, бр. 6054, Београд, 1982.

Тадић Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, Београд, 1935.

Laonicus Chalcondyles, ed. Bekker, Bonn, 1843.

Monumenta Ragusina. Libri Reformationum IV, Zagreb, 1879-1897.

Monumenta serbica spectantia historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii, (ed. F. Miklosich), Viennae, 1858.

ЛИТЕРАТУРА

Алексова В. Наоди на средновековни пари 1921-1954. Весник на Музејскоконзерваторското друштво на НР Македонија, год. 3, бр. 1 (јануари 1955).
Атанасовски А. Македонија во XIV век, Тетово, 2009.
Атанасовски А. Недовербата меѓу „Балканците" во XIV век, последици и поуки, ГЗФЗФ LVIII, Скопје 2004.
Атанасовски, А. „Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век". Музејски летопис. Зборник на трудови по повод 65 години Завод и Музеј – Струмица. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Струмица, 2017.
Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доселување на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје, 1994.
Благојевић М. О издаји или невери Вука Бранковића, Зборник Матице Српске за историју, Београд, 2009.
Благојевић М. Територија кнеза Лазара на Косову и Метохији, Београд, 2007.
Божић И. Дубровник и Турска у XIV и XV веку, Београд, 1952.
Бошкоски М. Скопје и скопската област. Скопје, 2009.
Граозданов Ц. Охридското ѕидно сликарство од XIV век, Охрид, 1980.
Грозданов Ц. Охрид и Охридската архиепископија Охрид, 1980.
Динић Д.- Кнежевић, Српске земље од Маричке до Косовске битке, Зборник: Српски народ у другој половини XIV и првој половини XV века, Београд, 1989.
Динић М. О Николи Алтомановићу, Посебна издања СКА XC, Друштвени и историски списи књ. XL, Београд, 1932.
Драгојевић П. Баштински посједи српских облсних господара, Дани српског духовног преображења XXII, Научни скуп скуп Деспотовац-Манасија, 22-24 август 2014, Средњи век у српској науци, историји, књижевности и уметности VI, Деспотовац, 2015.
Ђурић В. Три догађаја у српској држави XIV века и њихов одјек у сликарству, Зборник за ликовне уметности V, Нови Сад, 1969.
Иванов, Й. Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970.
Ивановић М. Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф II, Београд, 1967.
Историја на Македонскиот народ, том I, Македонија од праисториското време до потпаѓањето под турска власт (1371 г.), Скопје, 2000.
Историја српског народа I, (Од најстаријх времена до Маричке битке (1371)), Београд 1981.
Историја српског народа II, (Доба борби за очување и обнову државе (1371-1537)), Београд, 1981.
Јиречек К. Зборник Константина Јиречека I, уред. Академик М. Динић, Београд 1959, САН, посебна издања књ. CCCXXVI, одељење друштвених наука, књ. 33. Београд, 1959.
Јиречек, К. Историја Срба I, Београд, 1952.
Крекић Б. Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), ЗРВИ V, Београд, 1958.
Ласкарис М. Deux „chysobulles" serbes pour Lavra, Хилендарски зборник I, Београд 1966.
Лексикон српског средњег века (ЛССВ) уред. С. Ћирковић и Р. Михаљчић, Београд, 1999.
Максимовић Љ. Византија и Турци од Маричке до Косовске битке (1371-1389), Глас САНУ CCCLXXVIII, Одељење историјских наука, књ. IX, Београд 1996.

Манева Е, Осврт на археолошките остатоци од средновековниот град Скопје, ПАТРИМОНИУМ.МК, година 13, број 18 / 2020.
Манкен И. Дубровачки патрицијат у XIV веку. Београд, 1960.
Матанов Х. Княжеството на Драгаши. Към историята на североизточна Македония в предосманската епоха, София, 1997.
Матанов Х. Югозападните български земи български земи през XIV век, София, 1986.
Матанов Х.-Михнева Р. От Галиполи до Лепанто. Балканите, Европа и османското нашествие (1354-1371). София, 1988.
Микулчиќ И. Средновековни градови и тврдини во Македонија. Скопје, 1996.
Мирковић Л. Мрњавчевићи. Београд, 1925.
Михаљчић Р. Замена поседа у Средњовековној Србији, Споменица академика Симе Ћирковића. Београд, 2011.
Михаљчић Р., Титуле Краљевића Марка, Кралот Марко во историјата и традицијата, (ред. В. Десподова). Прилози од научниот собир одрежан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, 23-25 јуни 1995, Прилеп, 1997.
Мишић С. Моравска Србија, Еволута Београд, 2017.
Младеновић А. Повеље кнеза Лазара, Београд, 2003.
Мошин В., -Илиевска С., Грамота на Вук Бранковиќ, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија том I, Скопје, 1975.
Наумов Е.П. Сведоштва од историските извори за крали Марко, ГЗФЗФ XIX/1, Скопје, 1983.
Николић М. Псеудо-Сфранциз о српским земљама, ЗРВИ XLIII, Београд, 2006.
Никуљска Н.Н. Прилог за Манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на езерото Матка, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје, 1975.
Новаковић С. Срби и Турци у XIV и XV века, Београд, 1933.
Овчаров Н. Надписите от XIV в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко, Старобългаристика, XIX, № 3, БАН, София, 1995.
Орбин М. Краљевство Словена, Зрењанин, 2006.
Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти, Београд, 1965.
Панов Б. Одразот на Косовската битка во Македонија, Историја XVIII/1-2, Скопје, 1992.
Петровски Б. Воислава Трибалда, Ѓерѓ Кастиоти Скендербенг (1405-1468), (Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), Скопје, 2006.
Петровски Б. Круната на крал Марко, Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево, 2017.
Петровски Б. Полог во Средниот век (VI-XIV век), (докторска дисертација), февруари 2006 година, Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, Филозофски факултет, Инситут за историја, Скопје 2006.
Стојановски А. Градовите на Македонија од крајот XIV на до XVII век, Скопје, 1981.
Стојановски А. Маричката битка и нејзините последици, Македонија во турско средновековие (од крајот на XIV-почетокот на XVII век), Скопје 1989, 9-20; Ћирковић С. Косовска битка у међународном контексту, Глас CCCLXXVIII, САНУ, Одељење историјских наука књ. IX, Београд 2008.
Суботић Г. Манастир Богородице Месонисиотисе, ЗРВИ XXVI, Београд, 1983.

Томац П. Битка на Марици, Војноисторијски гласник I, Београд 1956.

Томовић Г. Морфологија ћириличких натписа на Балкану, бр. 63, Београд, 1974.

Тошић Ђ., Требињска област у средњем вијеку, Београд 1998.

Ћирковић С. Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, Београд, 1979.

Ћирковић С. Србија уочи косовске битке, Косовско метохијски зборник I, Београд, 1990.

Фејић Н. Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, Историјски институт у Београду, СКА, Београд 2008.

Ферјанчић Б., Византијски и српски Сер у XIV столећу, СКА пос. издања. књ.DCXXIX, Одељење историјских наука књ.XXI, Београд 1994.

Ферјанчић Б., Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960.

Ферјденберг, Марен М. „Далматинците во Балканската трговија од XIV до XVI век". Историја XX/II, Скопје (1984), (статијата инаку истовремено била објавена во изданието на Академијата на науки во СССР-Институт за славјановедение и балканистика „Балканские исследования" кн. IX посветена на „Прашањата за социјална, политичка и културна историја на југоисточна Европа," Москва, (1984), превод од руски јазик: Чедо Цветановски).

Филипоски Т., Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево, 2017.

Фостиков А. О Дмитру краљевићу, Историјски Часопис XLIX, Београд, 2002.

Шкриванић Г. Битка на Марици 26. септембра 1371. године, Војноисторијски гласник III, Београд 1963.

Шуица М. Однос кнеза Лазара и Вук Бранковића у светлу дубровачких исправа из 1387 године, ССА IX, Београд, 2010.

Шуица М.,-Суботин-Голубовић Т., Повеља Вука Бранковића Дубровнику ССА IX, Београд, 2010.

Filiposki T., Der Ohrider Župan Andrea Gropa, Südost-Forschungen, 69/70 (2010/2011), R. Oldenbourg/München, 2012.

Filiposki A.Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, The Ottoman Conquest of the Balkans, Interpretations and Research Debates, edited by Oliver Jans Schmitt, Österreichische Akademie der Wissenschaften, Wien, 2016.

Matanov H.-Zaimova R. West and Post-Byzantine Source Evidence, Sofia, 1985.

Matov H. Problems of the State Structures I the South-West Balkan Lands during the Second Half of the 14th Century, Études balkanikues, XX, Sofia, 1984.

Petrovski B. Ottoman Militaru Campaign in 1385: itinerary and goals, Тематски зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 20-22 септембра 2013 године у Крушевацу, Власт и моћ-властела Моравске Србије од 1365 до 1402 године, Великом Шиљеговцу и Вараварину, Крушевцу 2014.

Šekularac B. Crna Gora u doba Balšića, Cetinje, 2011.

Tadić J. Proment putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik, 1939.

Igorche DUNIMAGLOSKI
igorche_dunimagloski@hotmail.com

# THE KINGDOM OF PRILEP DURING THE REIGN OF KING MARKO AND THE REPUBLIC OF DUBROVNIK: DIPLOMATIC AND ECONOMIC RELATIONS

(summary)

Based on available primary sources, literature, and some unpublished archaeological research, we can trace the continuous presence of Dubrovnik merchants in the Kingdom of Prilep during the reign of King Marko. Dubrovnik merchants freely used trade routes, travelled, resided, and conducted their commercial activities. They were present at fairs, monasteries, and mining centres.

Since no charter was preserved confirming that King Marko had granted trade privileges to the Dubrovnik merchants, it can only be assumed that both sides had taken into account the recently issued charter of King Vukašin before his death. Moreover, the political situation in the territory of the former Serbian Empire must be taken into account. It was very complex, and there were significant changes in terms of the legitimacy of local rulers who were constantly at war with each other. Based on the analysis that was done, it can be concluded that the Dubrovnik merchants had continuous and numerous trade and diplomatic relations with King Marko and Macedonia. Relations between King Marko and the Republic of Dubrovnik continued, with minor interruptions, due to the internal political relations of the local rulers, as well as international military-political relations between the Ottoman Turks, Hungary, and Byzantium. It should be noted that their relations continued even after the fall of Macedonia and the state of King Marko under Ottoman rule. However, as Marko lost his independence in the Kingdom of Prilep, their mutual relations gradually decreased.